РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 19-1971/1
30-03-2017 201__ год.
СКОПЈЕ

# Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Орган на државна управа (назив) | Министерство за финансии на Република Македонија |
| Изработил (име, презиме и функција) | Марија Митевска, координатор за еднакви можности |
| Период на известување | 01.01.2016 година – 31.12.2016 година |
| Датум на поднесување на извештајот | 30.03.2017 година |

Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност

Датум, ____________________

Име и презиме

м-р Кирил Миноски
Министер за финансии

Потпис ____________________

(Одговорно лице во органот на државна управа)

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

____________________

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

Потпис

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

| |
|---|
| 2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)<br>А) Позитивни<br>Б) Охрабрувачки<br>В) Програмски<br><br>Министерството за финансии согласно членот 5, 6 и 7 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл.весник на РМ" бр.6/12, 166/14 и 150/15) нема преземени основни и посебни мерки. |
| 2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка): /<br><br>2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1]) / |
| 2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот / |

## 3. НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

| |
|---|
| 3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ: / |
| 3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива): / |
| 3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор) / |
| 3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот: / |

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?

Во изминатата 2016 година, координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за финансии во текот на месец март 2016 година, со претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и Министерството за култура учествуваше на студиска посета во Лисабон, Република Португалија, со цел спроведување на Твининг Проектот на Европската унија за „Поддршка за имплементација на родовата еднаквост". Во рамките на Проектот беа посетени повеќе институции меѓу кои:Комисијата за еднаквост во работата и вработувањето (CITE), каде се дискутираше на тема поврзана со родовата еднаквост и недискриминација на пазарот на трудот, правната регулатива во Република Португалија во однос на правото на породилно отсуство, балансот во однос на професионалниот и приватниот живот, промоцијата на родовата еднаквост во приватните компании, како и се стекнаа искуства за правната регулатива во однос на прашањата за еднаквост и недискриминација при процесот на вработувањето и во рамки на работниот однос на вработените. Учесниците во рамки на студиската посета ја посетија и Португалската платформа за правата на жените каде се дискутираше на тема: „Активности и мерки во промоција на женските права и родовата еднаквост", а воедно се посети и Високата комисија за миграција (АМС), каде се разговараше на теми:„Интеграција на политиките за имигрантите", „Расната дискриминација", „Важноста на разликата на културите, ентитетите и религиите". Студиската посета вклучуваше и посета на Комисијата за државјанство и родова еднаквост (CIG), каде се стекна искуство на тема „Родово базирано насилство и семејно насилство", како и се дискутираше на тема „Акционен план за родова еднаквост во општините". Учесниците при студиската посета имаа чест да го посетат и Министерството за труд и социјална политика на Република Португалија и да разговараат со надлежниот советник за родова еднаквост во тамошното министерство, а исто така работна средба беше одржана и во Кабинетот на Секретарот на Република Португалија надлежен за државјанство и еднаквост. Исто така, се посети и Невладината организација Умар, како и Поткомитетот за еднаквост и недискриминација во Парламентот на Република Португалија. Значајна беше и посетата на Општината Кашкаиш, каде се разгледуваше Акциониот план за родова еднаквост на општината.

Во организација на UN Women, а во рамки на регионалниот проект на UN Women за промоција на Родово одоговорни политики и буџети во југоисточна Европа, во периодот од 30 – 31 март 2016 година, заменик координаторот за родова еднаквост во Министерството за финансии со претставник од Секторот за буџети и фондови земаа учество на Регионалната конференција во Бања Лука, со цел размена на добри практики и искуства помеѓу Министерствата за финансии во различни земји. На Конференцијата покрај претставници од Министерството за финансии на Република Македонија, беа присутни и претставници од Министерството за финансии на Република Српска, претставници од Министерството за финансии на Република Босна и Херцеговина, на Министерството за финансии на Република Албанија, на Министерството за финансии на Република Украина, на Министерството за финансии на Република Молдавија. На одржаната Конференција нашите претставници ја

презентираа институционалната рамка за родово одговорно буџетирање во Република Македонија.

Во рамки на Твининг проектот „Поддршка за имплементација на родовата еднаквост"во месец јуни 2016 година се одржа еднодневна работилница на тема „Директивите на ЕУ-основните барања и ефективна имплементација", на која присуствуваше координаторот за еднакви можности на жените и мажите.

Во организација на UN Women и Министерството за труд и социјална политика во месец ноември 2016 година, се одржа еднодневна работилница на тема „Иницијатива за родово одговорно буџетирање" , чија цел беше да се помогне во процесот на избор на буџетска програма во нашата институција. На работилницата присуствуваше координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за финансии и вработено лице од Секторот за финансиски прашања.

Согласно член 11 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл.весник на РМ" бр.6/12), Министерството за финансии избра програма за родово буџетска анализа. Како Програма за спроведување на родово буџетската анализа се избра Програмата „Купи куќа, купи стан".

4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?

а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси

Базата на податоци со која располага Министерството за финансии е разделена по пол. Имено, согласно Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии заклучно со ден 28.03.2017 година, ја даваме следната состојба на систематизирани пополнети работни места на административни службеници по категории и нивоа на звања.

Во категоријата Б, ниво Б1, на работно место со звање државен советник распоредени се 8 административни службеници, од кои 6 жени и 2 мажи, додека на ниво Б2 на работно место со звање раководител на сектор распоредени се вкупно 14 административни односно државни службеници, од кои  кои 7 жени и 7 мажи. Исто така, во категоријата Б, на ниво Б3, на работно место помошник раководител на сектор распоредени се вкупно 18 државни службеници, од кои 13 жени и 5 мажи, а на ниво раководител на одделение распоредени се 61 државен службеник, од кои 42 жени и 19 мажи. Во категоријата В, ниво В1, на работно место советник распоредени се 118 државни службеници, од кои 73 жени и 45 мажи, а на ниво В2, на работно место виш соработник распоредни се 16 државни службеници, од кои 12 жени и 4 мажи. На работно место соработник, ниво В3, распоредени се 19 државни службеници, од кои 12 жени и 7 мажи, додека на работно место помлад соработник, ниво В4, распоредени се 196 државни службеници, од кои 122 жени и 74 мажи. Во категоријата Г, на ниво Г1, со звање самостоен референт распоредени се 86 државни службеници, од кои 64 жени и 22 мажи, додека на работно виш референт, ниво Г2, распоредени се 25 државни службеници, од кои 18 жени и 7 мажи. Во категоријата Г, на ниво Г3, на работно место референт распоредени се 9 државни службеници, од кои 7 се жени, а 2 мажи, додека на ниво Г4, на работно место помлад референт вработени се вкупно 33 државни службеници, од кои кои 18 жени и 15 мажи. Во Министерството за финансии вработени

се вкупно 49 работници од кои 25 жени и 24 мажи.

* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)
- Табела по пол согласно категории и нивоа на звања на административни службеници и работници во Министерството за финансии;

б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)
* приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

| |
|---|
| 5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.<br>Опишете според:<br>а) Постигнати резултати<br>б) Реализирани активности<br>в) Индикатори за мерење успешност<br>г)Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства |
| 5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?<br>-Надлежностите на координаторот и заменик координаторот се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии;<br>Прилог:Извадок од Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии; |
| 5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?<br>Учество на координаторот и заменик координаторот на работилница на тема Родово одговорно креирање политики и буџетирање за Министерството за финансии.<br>Во рамки на Твининг проектот „Поддршка за имплементација на родовата еднаквост"во месец јуни 2016 година се одржа еднодневна работилница на тема „Директивите на ЕУ-основните барања и ефективна имплементација", на која присуствуваше координаторот за еднакви можности на жените и мажите.<br>Дали тие во обуките се јавиле како:<br>а) слушатели – да<br>б) обучувачи |
| 5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:<br>Учество на координаторот и заменик координаторот на работилница на тема Родово одговорно креирање политики и буџетирање за Министерството за финансии.<br>Во рамки на Твининг проектот „Поддршка за имплементација на родовата еднаквост"во месец јуни 2016 година се одржа еднодневна работилница на тема „Директивите на ЕУ-основните барања и ефективна имплементација", на која присуствуваше координаторот за еднакви можности на жените и мажите.<br>а) координатор за еднакви можности - да<br>б) заменик координатор за еднакви можности –да |
| 5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ? |
| 5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни? |

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

6.1 Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале

6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса

6.3. Наведете примери за научени лекции – Спроведената обука за родово креирање политики и буџетирање за Министерството за финансии, ќе придонесе вработените кои присуствуваа на истата, да се стекнат со знаења од областа која е опфатена со темата на обуката и истата да ја имплементираат во нивното секојдневно работење, а воедно и да го пренесат стекнатото знаење и искуство на колегите од секторот во кој работат.

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

*7.1.* Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)

Спроведување на родово буџетска анализа на Програмата „Купи куќа, купи стан".

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:

а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост

- Предлагаме одржување на координативни состаноци со координатори/заменици координатори од други институции кои се надлежни за имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, а со цел запознавање со механизмите на родовата еднаквост и рамноправност, како и преземање на заеднички иницијативи за спроведување на родовата перспектива и целта на законот;

б)Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми

-Обуки за имплементација на горенаведената стратегија со планирање и организација на соодветни проекти во надлежните институции/сектори;